**Известување за концентрација со која Заваровалница Триглав д.д. Љубљана, Словенија и АСЕФ Холдко САРЛ Сеннингерберг, Луксембург ќе стекнат заедничка контрола над Арсано Медикал Груп д.о.о Загреб, Хрватска (предмет бр. 08-120/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 30.07.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која **Заваровалница Триглав д.д. (Zavarovalnica Triglav d.d.)** со регистрирано седиште на Миклошичева цеста 19, СИ-1000 Љубљана, Словенија и **АСЕФ Холдко САРЛ (ASEF Holdco SARL)** со регистрирано седиште на Руе Лоу Хеммер 8, 1748 Сеннингерберг, Луксембур ќе стекнат заедничка контрола над **Арсано Медикал Груп д.о.о. (Arsano Medical Group d.o.o.)** со регистрирано седиште на Илица 1А, 10000 Загреб, Хрватска.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Заваровалница Триглав д.д.** е матичното друштво на групацијата Триглав, која се состои од 12 осигурителни компании во Словенија и Југоисточна Европа. Основните дејности на групацијата се обезбедување осигурителни услуги, животно и неживотно осигурување (осигурување од несреќи, здравствено осигурување и други видови на осигурување) и реосигурување.

Триглав обезбедува услуги во Република Северна Македонија преку своите зависни друштва Триглав Осигурување АД, Бул. 3-та Македонска бригада бр. 36, 1000 Скопје; Триглав Осигурување Живот АД, Бул. 3-та Македонска бригада бр. 36, 1000 Скопје; Триглав пензиско друштво АД, Булевар 8-ми Септември бр. 18, кат 2, 1000 Скопје и Триглав, управување со недвижности ДООЕЛ Скопје, Даме Груев 8/5, 1000 Скопје.

**АСЕФ Холдко САРЛ** е холдинг компанија основана во Луксембург која служи како инвестициски инструмент на фондот за приватен капитал Адриатик Стракчрд Еквити Фанд АСЕФ СЦСп (*Adriatic Structured Equity Fund ASEF SCSp*) ("**ПКП Фонд I**"), кој е советуван од Провектус Кепитал Партнерс д.о.о. (*Provectus Capital Partners d.o.o.*) ("**ПКП**"). ПКП е водечка независна инвестициска фирма во Југоисточна Европа, основана во 2018 година. ПКП советува два фонда за приватен капитал со седиште во Луксембург – првиот фонд ПКП Фонд I од 2020 година и вториот фонд ПКП ЈИЕ Фонд II СЦСп (*PCP SEE Fund II SCSp*) ("**ПКП Фонд II**") од 2025 година, кои инвестираат во мнозински удели на компании низ регионот. Инвестициите на двата фонда што ги советува ПКП се засноваат на силни партнерства со раководството и сопствениците и имплементација на најдобрите стандарди за корпоративно управување. Двата фонда за приватен капитал советувани од ПКП собраа над 260 милиони евра од институционални инвеститори (ЕБОР, ЕИФ, пензиски фондови, осигурителни компании, банки, итн.) и инвестираа во 8 платформи во Хрватска, Словенија и Романија, и заедно имаат приближно 1.900 вработени.

Групацијата на ПКП, вклучувајќи ги и нејзините контролирани портфолио друштва, немаат регистрирани субјекти или дејности во Северна Македонија.

**Арсано Медикал Груп д.о.о.** е холдинг компанија на групација активна во областа на приватните здравствени услуги. Мрежата на АМГ се состои од специјалните болници, поликлиниките и другите здравствени установи во Хрватска и обезбедува широк спектар на здравствени услуги, вклучувајќи превентивни, специјалистичко-консултативни, дијагностички, хируршки, рехабилитациски и други здравствени услуги.

**Арсано Медикал Груп д.о.о.** се состои од следниве друштва, сите со седиште во Хрватска: Арсано Медикал д.о.о. (*Arsano Medical d.o.o*.), Арсано Медикал Груп д.о.о. (*Arsano Medical Group d.o.o*.), Неомедик д.о.о. (*Neomedic d.o.o*.), Специјална Болница д-р Немец (*Specijalna bolnica dr. Nemec*), Аритера д.о.о. (*Arithera d.o.o*.), Специјална болна Аритера (*Specijalna bolnica Arithera*), Орто-Артро д.о.о. (*Orto-Artro d.o.o*.), Арсано Адриа д.о.о. (*Arsano Adria d.o.o*.), АСЕФ Авива д.о.о. (*ASEF Aviva d.o.o*.), Поликлиника Авива (*Poliklinika Aviva*), Поликлиника Уро центар (*Poliklinika Uro centar*), Установа Прима Нова (*Ustanova Prima Nova*), Ј.Д.Д. Ресоно д.о.о. (*J.D.D. Resono d.o.o*.), Поликлиника за радиологија и невролошка дијагностика 2000 (*Poliklinika za radiologiju i neurologiju Dijagnostika 2000*), Арсано Офталмо д.о.о.(*Arsano Oftalmo d.o.o*.) и Поликлиника Риц Нова (*Poliklinika Ritz Nova*).

**Арсано Медикал Груп д.о.о.** нема зависни друштва, филијали или претставништва во Република Северна Македонија и не остварува никаков промет во Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

31.07.2026 година
Скопје